АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА
**ГОЦЕ ЦОНЕВСКИ**
ул. ВАСИЛ ГЛАВИНОВ бр.7 Б/1-1; 1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
тел./факс (... 38902) 3290811 ; Е-маил: цоневскигЖт.мк

*Адвокат Гоце Цоневски; Адвокат Наташа Филиповска; Адвокат Александра Тасева;*
*Адвокат Марија Тодоровска;Адвокат Мартина Данова;Адвокатски приправник Рахела Цоневска*

Врска: П4 бр.78/15

ПРЕКУ: ОСНОВНИОТ СУД ВО ШТИП

ДО: ВРХОВЕН СУД НА РМ

ТУЖИТЕЛ: Владислав Михаилович Втулкин од Москва, граѓанин на Руската Федерација, место на раѓање Украина на 24.03.1976 година, со живеалиште на ул.Рхеиналее 140 Дизелдорф Германија, со број на пасош 51 5268030, застапуван од Адвокатска канцеларија Јаниќевиќ од Скопје, бул.Коьо Рацин бр.38-1/5

ТУЖЕНИ : 1.Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, ул.Ген. Михајло Апостолски бр.7-3 штип, со ЕМБС 5096847 и ЕДБ 4029996110063, застапувано од Управителот Верица Љуботенска, со е-маил: r.ljubotenski@imakovino.com.mk, преку Полном.Адв.Гоце Цоневски од Скопје, ул.Васил Главинов бр.7Б-1/1, со тел.02/3290-811, со е-маил: conevskig@t.mk,
2.Трговско друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз штип, ул.Михајло Апостолски бр.34-5 штип, со ЕМБС 4805178 и ЕДБ 4029994108584, застапувано од Управителот Ристе Љуботенски, со со е-маил: r.ljubotenski@imakovino.com.mk,

ОСНОВ: Надомест на штета

ВРЕДНОСТ: 1.915.458 евра

# ОДГОВОР НА РЕВИЗИЈА

ОД ТУЖЕНИОТ Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип ,
преку Полном.Адв.Гоце Цоневски од Скопје, ул.Васил Главинов бр.7Б-1/1

Со Пресуда П-4 бр.40/14 од 30.01.2015 година, Основниот суд во Штип го усвои тужбеното барање на тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва, Руска Федерација, ги задолжи тужените Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип и Трговско друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип, на тужителот да му ја надоместат штетата во износ од 1.915.458 евра со домицилна камата прецизирана во пресудата, како и да му ги надоместат трошоците на постапката во износ од 207.060,00 денари и тоа во рок од 8 дена по правосилноста на пресудата.

Незадоволни од наведената пресуда, тужените преку својот полномошник поднесоа жалба против истата, по сите жалбени основи, а со Решение ГЖ-535/15 од 13.10.2015 година,

**Апелациониот суд во Штип ја уважи жалбата на тужените, ја укина првостепената пресуда и предметот го врати на првостепениот суд на повторно судење**, со јасни и прецизирани напатствија за тоа кои дејствија треба да ги превземе првостепениот суд со цел да ги отстрани направените суштествени повреди на одредбите од парничната постапка, целосно и правилно да ја утврди фактичката состојба и правилно да го примени материјалното право.

Во повторното судење, **Основниот суд во Штип** повторно донесе **идентична** незаконита Пресуда П4-78/15 од 18.01.2016 година, **со идентичен одговор како првата пресуда, а повторно игнорирајќи ги напатствијата на второстепениот суд како и поднесените суштествени докази** со која **повторно го усвои тужбеното барање** на тужителот Владислав Михаилович Втулкин, ги задолжи тужените Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип и Трговско друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип, на тужителот да му надоместат штета во износ од 1.915.458 евра со домицилна камата прецизирана во пресудата, како и да му ги надоместат трошоците на постапката во износ од 268.080,00 денари и тоа во рок од 8 дена по правосилноста на пресудата.

Незадоволни од наведената пресуда, тужените преку својот полномошник поднесоа жалба против истата, по сите жалбени основи.

Со Пресуда ГЖ-380/16 од 23.12.2016 година, Апелациониот суд во Штип **ја уважи жалбата на тужените, ја преиначи** Пресудата на Основниот суд Штип П4.78/15 од 18.01.2016 година и **го одби како неосновано тужбеното барање** на тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва-Руска Федерација, со кое бара да се задолжат тужените Винарска Визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип и Трговско друштво за трговија, производство и услуги Имако ДОО увоз-извоз Штип на тужителот да му ја надоместат штетата во износ од 1.915.458 евра со камата, како и да му ги надоместат трошоците во постапката во износ од 268.080,00 денари.

Незадоволен од второстепената пресуда ГЖ-380/16 од 23.12.2016 година, тужителот изјави Ревизија поради:

- Суштествена повреда на одредбите на парничната постапка од чл.343 ст.2 т.14 вв. Чл.375 ст.1 т.1 а вв.со чл.361 т.1 од ЗПП;
- Суштествена повреда на одредбите на парничната постапка од чл.343 ст.1 сторена во постапката пред второстепениот суд в.в. чл.375 ст.1 т.2 од ЗПП;
- Погрешна примена на материјалното право од чл. 345 вв. Со чл.375 ст.1 т3 од ЗПП и чл.360, 365 ст.2 и 377 од ЗОО.

Во одговор на поднесената Ревизија, првотужениот преку својот полномошник го изнесува следното:

**1. Суштествена повреда на одредбите од парничната постапка** од чл.343 ст.2 т.14 вв. Чл.375 ст.1 т.1 а вв.со чл.361 т.1 од ЗПП **и** чл.343 ст.1 сторена во постапката пред второстепениот суд в.в. чл.375 ст.1 т.2 од ЗПП:

Не е точно дека пресудата има наводни недостатоци поради кои не може да се испита, особено дека изреката на пресудата е неразбирлива, противречна самата на себе и на причините за пресудата и дека во пресудата воопшто нема или не се наведени причините за решителните факти, а за решителните факти постои противречност меѓу она што во пресудата се наведува за содржината на исправите и самите тие исправи.

Напротив, изреката на пресудата на Апелациониот суд во Штип е јасна, разбирлива, не противречи самата на себе и на причините за пресудата, а во пресудата се наведени причините за решителните факти.

Апелациониот суд во Штип постапил правилно кога го одбил тужбеното барање на тужителот како неосновано поради тоа што **видно** настапила застареност, бидејќи **застареноста претставува материјално-правно прашање за кое мериторно одлучува судот со пресуда**, па откако утврдил дека тужбеното барање за надомест на штета на тужителот е

застарено, согласно одредбите од ЗПП и долгогодишната судска практика, судот со пресуда правилно го одбил ова тужбено барање како неосновано поради тоа што настапила застареност. Значи, не постои никаква контрадикторност во одлуката на судот во овој контекст.

Притоа, во пресудата децидно се наведени и образложени причините, доказите и фактите заради кои судот утврдил дека побарувањето е застарено, како и правните основи, односно одредбите од ЗОО и ЗПП кои судот ги применил и по кои постапувал, па очигледно и овој основ во Ревизијата е само формално и паушално истакнат од страна на тужителот.

Освен овие почетните паушални наводи на кои е веќе одговорено, понатамошната експликација содржана во точка 1 од Ревизијата всушност претставува обид на тужителот да ја нападне пресудата поради наводно погрешно утврдена фактичката состојба, но согласно одредбата од чл. 375 ст.3 од ЗПП, **ревизија не може да се изјави поради погрешно и нецелосно утврдена фактика состојба.**

Имајќи во предвид дека тужителот во обид со незаконити судски одлуки на првостепениот суд да се стекне со против-правна имотна корист во скромен износ од 1,915,458 евра си зема за право во Ревизија да ја прераскажува неговата наводна фактичка состојба, изнесувајќи бројни невистинити и нереални факти, прикривајќи ги најважните материјални докази, сметам дека е неопходно повторно да укажам на сите битни факти и докази .

Пред се, во однос на Договорот за деловно-техничка **и финансиска** соработка истакнувам дека Ристе Љуботенски како физичко лице неспорно пристапил кон склучување на Договорот со тужителот, со единствена цел, да добие финансиски партнер од странство кој ќе инвестира исто толку пари колку што тој во претходните десетина години инвестирал како домашен партнер во развој на двете друштва, односно да уплати 50% од вредноста на вкупниот капитал со кој располагале друштвата ИМАКО ДООЕЛ и Винарска визба ИМАКО ВИНО Дооел, во кој се сметаат обртните парични средства, визба во м.в.6-ти километар како и земјиштето на кое е изградена и лозје на кое одгледува на винова лоза. Неспорно е дека во моментот на склучување на Договорот не била утврдена вкупната вредност на капиталот со кој располагаат двете друштва, како и лозјата и земјиштето на тужителот, но договорните страни се договориле тоа да го сторат со взаемен избор на стручно лице кое ќе изврши правилна и точна процена на капиталот, односно на износот кој тужителот треба да го плати.

Значи, тужениот очигледно имал нечесни намери уште од моментот на преговорите и склучувањето на Договорот, па освен формалниот износ од 2.475 Евра на име зголемување на основната главнина на второтужениот, тужителот не само што не му уплатил на сметката на Љуботенски како договарач ниту еден единствен денар, ниту пак уплатил било какви лични парични средства на име на било кое од двете друштва (тужените), туку се обидува уплатите од разни странски трговски друштва кои вршеле увоз на вино и плаќале за купеното вино од тужените друштва да ги прикаже како свои наводни лични уплати по основ на Договорот за деловно-техничка и финансиска соработка, склучен со физичкото лице Ристе Љуботенски.

На овој начин, **искористувајќи ги токму нејасните и непрецизните одредби од Договорот за деловно-техничка и финансиска соработка**, со единствена лична уплата од **само 2.475 Евра** на сметката на второтужениот, лажно прикажувајќи ги уплатите по основ плаќања за купување на вино од разни странски правни лица извршени, како наводно свои лични уплати, тужителот смета дека е сопственик на 50 % од имотот на двете друштва, кој во друга постапка пред истиот суд самиот тужител го проценува на **5 милиони евра**, па побарува **надомест на некаква штета во скромен износ од 1,9 милиони евра**.

Значи, со вложени само 2.475 Евра тужителот бара надомест на штета по основ на наводни негови влогови во машини и опрема во износ од 1,9 милиони евра, без да достави било какви докази за тоа.

Притоа, тужителот упорно се повикува на Договорот за деловно-техничка и финансиска соработка, но во Ревизијата не укажува дека пред истиот суд во Штип се води постапка за утврдување на ништовност на овој договор под П-4 бр.29/16, дека постапката е по втор пат пред Апелациониот суд во Штип, во фаза на донесување на конечна одлука по жалба на

првостепената пресуда која ја донесе истиот судија кој ја донесе првостепената пресуда и во оваа постапка, исто така постапувајќи сосема спротивно на претходно дадените напатствија од второстепениот суд, па е сосема реално, законито и очекувано Апелациониот суд во Штип и во таа постапка да ја преиначи првостепената пресуда и да донесе пресуда со која ќе утврди дека наведениот Договор за деловно-техничка и финансиска сорботка е ништовен, со оглед дека втората договорна страна, сега тужител никогаш ги нема исполнето своите обврски по основ на овој Договор, чија основна суштина била писмо за намери.

Тужителот во Ревизијата неумешно се обидува да го прикаже тужителот како некаква жртва, па се повикува на кривични пријави и постапки против законскиот застапник на второтужениот Ристе Љуботенски, истакнувајќи бројни лажни и неосновани факти, а се со цел да ја прикрие својата основна намера со измама и користење на слабостите во правосудниот систем да се стекне со значителна против-правна имотна корист.

Пред се, тужителот лажно прикажува дека Ристе Љуботенски неовластено го извршил преносот на уделот од друштвото Имако, бидејки никогаш досега не повел постапка за бришење на извршениот упис, ниту пак со било каква одлука на суд или друг надлежен орган е утврдено дека овој пренос на уделот бил извршен неовластено или незаконски. Тоа е очигледно само желба и став на тужителот.

Тужителот невистинито и неосновано се обидува да прикаже дека наводно вложил лични пари во набавка на опрема која ја инвестирал кај тужените, повикувајќи се на некаков Извештај за констатирана состојба изработен од Економско правно биро НМ,кое не претставува вештачење, изработен врз основа на селективно доставени податоци од тужителот во форма на Извештај и од страна на лице кое не е вештак и не е запишано во Регистарот на судски вештачења што е во спротивност од член 236 од ЗПП , наспротив доставените вештачења во одговорот од тужениот изработени од вештото лице Д-р Јанка Димитрова и особено видно од доставеното Вештачење извршено од страна на Бирото за судски вештачења при Министерството за правда, во кои премногу јасно се наведува дека освен уплатените 2.475 Евра на име зголемување на основната главнина кај второтужениот (по кој основ кај второтужениот бил и до денес е запишан како содружник со 49 % од уделите), тужителот како физичко лице не извршил никакви други уплати и не претрпил никаква штета.

Тужителот во Ревизијата неосновано и невистинито се обидува да ги прикаже законските застапници на тужените како нечесни лица, против кои поднел кривична пријава за наводно сторени кривични дела злоупотреба на службената положба и овластувања, измама и сл. токму заради истите наводни неовластени дејствија на кои се повикува во Ревизијата, иако **добро знае дека обвинението за овие кривични дела е отфрлено-повлечено токму по добиеното Вештачење СВ I 32/2015 од Бирото за судски вештачења извршено по барање на ОЈО Штип**, бидејки не постојат никакви докази дека тужителот извршил било какви лични уплати према тужените освен наведениот износ од 2.475 Евра, а видно од самата пресуда К.бр.429/15 која ја доставува тужителот во прилог, станува збор за кр. дело Непочитување на судска одлука (одлуката за времена мерка), за која е огласена за виновна Верица Љуботенска само затоа што во сите овие години морала од жиро сметката на првотужениот да прима уплати и да врши исплати на даноци, плати, долгови према лозарите, тековни трошоци и сл. со цел Друштвото да опстане и да не биде поведена стечајна постапка против истото, што била очигледна цел на тужителот со Времената мерка, иако неспорно во целиот овој период првотужениот бележи значителни успеси и значително ја зголеми вредноста односно капиталот на Друштвото-првотужениот.

Но, тужителот бегајќи од вистината не укажува на фактите и доказите кои во постапката претходно ги достави законскиот застапник на второтужениот, кои јасно укажуваат на неколкуте кривични постапки кои се водат во Русија токму против тужителот за кредитни измами, како и за тоа дека во Р. Бугарија тужителот на идентичен начин и со исти дејствија (вложени само минимални парични средства во основниот влог на Винарска визба вс Бугарија) се обидел да стане сопственик на 50 % од целиот капитал на таа Винарска Визба и по основ на

надомест на некаква штета да издејствува огромни парични средства, но судовите во Бугарија тоа не го дозволиле и го одбиле таквото неосновано барање на истиот тужител .

Тужителот во Ревизијата ги воспева и жали по првостепените пресуди иако добро знае дека станува збор за катастрофални и незаконити одлуки, бидејки првата пресуда беше укината од Апелациониот суд во Штип со јасни напатствија за тоа какви грешки направил судијата, кои дејствија судот треба да ги изведе во повторната постапка и како треба да одлучи. Занемарувајки ги во целост овие напатствија, првостепениот суд бессрамно повторно донесе идентична пресуда од збор до збор со претходната, преполна со небулозни ставсви и наводи, комплетно игнорирајќи го Вештиот наод СВ I 32/2015 од Биро за судски вештачења каде јасно и со недвосмислен заклучок е запишано дека тужителот нема претрпено штета, па единствено праведно решение за второстепениот суд беше таа пресуда да ја преиначи и да го одбие тужбеното барање. Воедно, токму затоа што законскиот застапник на тужениот сметаше дека со таа првостепена пресуда судијата Салтир Ташков постапува незаконито и ја злоупотребува службената положба и овластувања, на 29.02.2016 год. поднесе против истиот судија Претставка до РСС, но исто така и Кривична пријава до ОЈО Штип од истиот датум, со докази дека постојат основани сомненија за организиран криминал во кој се вмешани тужителот, неговиот законски застапник и предметниот судија.

Сметам дека наводите содржани во Ревизијата на тужителот се потполно нејасни, контрадикторни самите на себе но и на доказите изведени во постапката, како во однос на застареноста и основаноста на тужбеното барање, така и во однос на самото побарување на тужителот и правниот основ на истото. Сето ова неминовно е резултат на тужбеното барање истакнато уште во тужбата, на кои околности тужените повеќе пати реагираа, барајки од **тужителот да објасни од кои причини и по кој основ бара надомест на штета, со кои дејствија, кога и кој од тужените му причинил штета**, со кои судски одлуки е утврдено постоење на штета па сега бара директно надомест на истата, дотолку повеќе што со одлуката за времена мерка самиот најави дека ќе поднесе тужба за надомест на долг, а во дел од првостепената пресуда таков третман на тужбеното барање му дава и првостепениот суд, но нејасно е од кои причини и по кој основ тужителот бара надомест на дог или штета ????

Во овој контекст, доколку наводниот долг или штета произлегува од Договорот за деловно техничка и финансиска соработка од 2004 год. (кој е склучен помеѓу тужителот и физичкото лице Ристе Љуботенски) бидејки тужителот не бил запишан и не станал содружник на двете тужени правни лица туку само на второутжениот, или затоа што тужениот не му доставувал на тужителот сериозен извештај за работата на фирмите во кои станал содружник, ниту пак му била исплатена **добивка**”(????) , во таков случај, согласно одредбите од ЗТД **правните лица воопшто не можат да бидат пасивно легитимирани во ваков спор,** па по овој основ теоретски би можел да биде тужен само Ристе Љуботенски како физичко лице кое со тужителот го склучило Договорот за деловно-техничка и финансиска соработка. Доколку тужителот смета дека штетата е причинета со тоа што не му бил даден сериозен Извештај за работата на фирмите во кои станал содружник, во таков случај согласно одредбите од ЗТД, за евентуална штета од такви дејствија може да биде виновен само секој од управителите на тужените правни лица како физички лица, но не и **правните лица кои не можат да бидат тужени во овој спор.**

Доколку пак тужителот смета дека штетата е причинета со тоа што **не му е исплатена дивиденда**, тогаш станува збор за **надомест на долг** од страна на она правно лице кое имало добивка и донело одлука за исплата на дивиденда, кое побарување застарува за 3 години. Доколку дивидендата не е исплатена заради некакви дејствија на управителот и со тоа му е нанесена **штета** на тужителот како наводен содружник во двете друштва, тогаш пасивно легитимиран може да биде само управителот како физичко лице.

Понатаму, доколку тужителот смета дека само врз основа на наведениот Договор за деловно техничка и финансиска соработка склучен во 2004 година, станал содружник на 50 % од уделите двете тужени правни лица, без за тоа да бидат исполнети другите задолжителни услови и правни акти децидно утврдени во ЗТД, навистина е нејасно каква штета тужените треба да му плаќаат на тужителот и по кој правен основ, бидејки тужителот е запишан како содружник со 49 % од уделите на второтужениот, па требало со друга тужба да бара да биде запишан како сопственик и кај првотужениот, секако ако за тоа има реални докази, но **тогаш согласно ЗТД, штета може да се бара само од секој од управителите на правните лица (како физички лица), а не и од правните лица**.

Не е јасно како тоа тужителот наводно ги исполнил своите обврски од Договорот и вложил како основен влог кај тужените износ од 1.915.458 евра, кога ниту во тој договор, ниту во ниту еден друг документ не е утврдено колку точно тужителот треба да вложи во секој од тужените правни лица **????** .

Нејасно е врз основа на кои докази тужителот тврди дека имал лични уплати како свој влог во тужените, кога видно од доставените докази, **уплатите ги вршеле други правни лица (и тоа со јасно напишан основ-купување на вино од тужените), а не ги вршел тужителот како физичко лице**, што е строга обврска на секој нов содружник согласно одредбите од ЗТД. Доколку било така, зошто во текот на постапката тужителот не достави ниту еден единствен доказ дека освен уплатените 2.475 Евра на сметката на второтужениот на име зголемување на основна главнина, вршел било какви други лични уплати од својата лична сметка, на сметката на содружникот Ристе Љуботенски или пак на сметката на прво или второтужениот. Доколку станува збор за навистина извршени **лични уплати преку банка**, доказите за тоа – уплатниците мора да ги има самиот тужител од неговата банка, а не тужениот кој наводно сега не му ги давал. Всушност, судската пракса во вакви случаи е премногу децидна, во стопански спорови или спорови во врска со уплатени влогови, недозволено е судот да носи пресуда врз основа на искази на странките, туку само врз основа на писмени докази-уплатници, бидејки тоа го налагаат стриктните одредби содржани во ЗТД, Законот за финаниско работење, Законот за сметководтсвено работење и др.

Конфузните и контрадикторни наводи на тужителот содржани во Ревизијата, но и во самата тужба, не даваат одговор на прашањата, што бара тужителот од првотужениот и по кој основ и што бара од второтужениот, од кои причини и по кој основ ????? Така :

- **Во однос на второтужениот Имако ДОО Штип**, неспорно е дека тужителот е запишан како содружник во сите акти на Друштвото и во Централниот регистар на РМ како содружник и сопственик на 49 % од уделите на ова Друштво (сразмерно на износот од 2.475 Евра кој го уплатил, во соодност со износот на другиот содружник од 2.600 Евра) и тоа право никој не му го оспорил, ниту пак му се оспорени правата кои ги има како содружник во оваа Друштво. Значи, согласно одредбите од чл. 185 од ЗТД, тужителот може да истакнува према второтужениот **само побарување на дивиденда**, доколку друштвото остварувало добивка и донело одлука за исплата на таква добивка. Но, ниту друштвото остварувало таква добивка, ниту пак такво нешто воопшто бара тужителот со тужбата.

Доколку смета дека имал други вложувања во основните влогови или зголемување на основната главнина кај второтужениот, можел со посебна тужба да бара истите да бидат запишани во Книгата на удели, другите акти на Друштвото и особено во Централнист регистар, но овие барања не се предмет на тужбата.

Доколку пак тужителот како содружник претрпел штета по овој основ, **согласно член 181 став 5 од ЗТД може со тужба да бара надомест на штета само против другиот содружник и управителот (лицето Ристе Љуботенски)**, бидејки било какво побарување на надомест на штета по овој основ **не може да се побарува ниту пак да се поднесува тужба против правното лице.** Притоа, правото да се бара надомест на штета застарува за 5 години.

***-Во однос на првотужениот Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип***, согласно одредбите од ЗТД, *тужителот не може да истакнува никакви директни барања за надомест на штета, по основ на неговиот наводен содружнички однос во ова Друштво, бидејќи никогаш не бил содружник на ова трговско друштво*.

Содружник на трговско друштво не се станува со потпишување на Договор за деловно техничка и финансиска соработка, туку со склучување на посебен договор за основање на трговски друштво (со кој детално се уредуваат меѓусебните права и обврски на содружниците), со донесување и заверки на повеќе изјави и други акти, со уплата на основниот влог, со упис во Книгата на удели и најважно, со уписот во Централнот регистар (претходно Трговскиот регистар).

Во тој контекст, во **член 170 од ЗТД е** утврдено дека ДОО се основа со Договор за друштвото кои го склучуваат сите основачи. Во **член 171 од** истиот закон децидно се наведени елементите кои задолжително мора да ги содржи Договорот за основање на друштвото. Во **член 172** од истиот закон е утврдено дека основната главнина на друштвото се состои од збирот на влоговите на содружниците, а во наредните **членови 172-177** е утврдена ***обврска на сите содружници да ги уплатат веднаш своите влогови во друштвото.*** Во **член 182 и 183** е утврдена обврската за поднесување пријава за упис и прилозите кои треба да бидат доставени кон пријавата. Во **член 186 став 1 од ЗТД** е децидно утврдено дека содружникот е должен влогот да го уплати во целост во согласност со Договорот за друштвото, а **во став 3** од истиот член децидно е утврдно дека содружниците неможат да бидат ослободени, ниту може да им биде олеснето или одложено исполнувањето на обврската за плаќање на паричниот влог како и дека ***обврската за плаќање на паричниот влог не може да се пребива со побарување спрема друштвото.*** Воедно во **став 7** во однос на должноста на содружникот за уплата на влогот, ***децидно е утврдено дека одредбите од Договорот за друштвото, како и другите правни работи и дејствија спротивни на одредбите од член 186 се ништовни.***

Од изнесеното, јасно може да се констатира дека **тужителот никогаш ниту бил ниту пак можел да биде содружник на првотужениот, ниту пак може да истакнува било какви оштетни побарувања према првотужениот, бидејќи не бил склучен Договорот за основање на друштвото, не уплатил никаков основен влог, не биле склучени и потпишани другите потребни акти, не била поднесена пријава до трговскиот регистар, истиот не стекнал удели, ниту некаде се запишани и сл.**

Тужителот како физичко лице никогаш не извршил никакви уплати на име основачки влог или зголемување на основната главнина во првотужениот, па нечесно и неосновано се обидува уплатите од разни странски правни лица за купување на вино (меѓу кои пробал да протне и апсурдни наводни уплати од државна фирма на Финската влада со која соработувал првотужениот ) да ги прикаже како свои лични уплати, но таквите уплати воопшто не можат да претставуваат лични вложувања на тужителот ниту вложувања на име зголемување на основна главнина или основачки влог, бидејќи прво се контрадикторни со наведените одредби од ЗТД . *Дотолку повеќе што, согласно одредбите од чл. 172 до чл. 177, чл.186-190, чл/254-260 од ЗТД, тужителот бил должен своите влогови да ги уплати веднаш, а не во 2006 и 2007 година од кој период тужителот доставува некакви уплати од правни лица кои плаќале за купеното вино од тужените*.

Конечно, дури и под претпоставка тужителот навистина да вршел уплати на име основен влог или зголемување на основна главнина како физичко лице (што секако не е случај), а овие негови уплати не биле евидентирани во актите на друштвото и Централниот (трговскиот) регистар, па тужителот како содружникот претрпел штета по овој основ, во таков случај, согласно член 181 став 5 од ЗТД **може со тужба да бара надомест на штета само од другиот содружни и управителот (Ристе Љуботенски како физичко лице), не и од Друштвото како правно лице,** Притоа, правото да се бара надомест на штета застарува за 5 години .

Доколку пак тужителот смета дека без негова согласност и на друг начин неправилно биле донесени некакви одлуки во првотужениот, согласно одредбите од чл. 225, 226 и 227 од ЗТД, можел со посебна тужба да ги побива или да бара поништување на таквите одлуки, во роковите утврдени во овие одредби од ЗТД. Но, тужителот такво нешто никогаш не барал, ниту бара во оваа постапка, ниту пак би можел да бара бидејќи роковите утврдени во ЗТД се одамна истечени и настапила застареност за истакнување на вакви тужби, бидејќи согласно одредбата од член 225 став 4 и 227 став 3 од ЗТД, ваква тужба може да се поднесе **во рок од 60 дена** од денот на донесување на одлуката . Но, тужителот такво нешто не бара во оваа постапка.

Во контекст на изнесените јасни и прецизни одредби од ЗТД, недвосмислено произлегува дека тужителот не може директно да стане содружник на првотужениот со самото склучување на наведениот Договор за деловно техничка и финансиска соработка од 2004 година, кој може да претставува само писмо за намери или преддоговор, па по исполнувањето на утврдените услови во договорот, по извршените вложувања и потпишувањето на договор за друштвото и другите потребни акти утврдени во ЗТД, со запишувањето во Централниот регистар, тужителот можел да стане содружник кај првотужениот. Ова дотолку повеќе што, Централниот регистар претставува јавна книга, па постои **законска презумпција за верба во запишаното во јавната книга**, која се одвива во два правца, позитивен - кој означува дека сето она што е запичано во јавната книга е точно и вистинито се додека не биде избришано или променето во законито спроведена постапка, но и негативен - кој означува дека сето она што не е запишано всушност не постои, се додека не се запише по претходно спроведена законита постапка.

Значи, доколку тужителот смета дека е содружник на првотужениот, но не е запишан како содружник во актите на друштвото и Централниот регистар, за да стекне содружнички статус, согласно одредбите од ЗТД, задолжително мора претходно во друга постапка да побара од судот да донесе пресуда со која ќе се утврди неговиот содружнички однос кај првотужениот, врз основа на таква пресуда да бара да биде запишан во Централниот регистар и актите на Друштвото како содружник, па дури потоа во ваква постапка да бара евентуален надомест на штета. Притоа, видно од претходно наведените оедби од ЗТД, доколку бара надомест на штета заради тоа што не бил запишан или поради некакви неправилно донесени одлуки во друштвото, **пасивно легитимиран може да биде единствено Ристе Љуботенски како физичко лице-** другата договорна страна во Договорот за деловно-техничка и финансиска соработка, но и како содружник и управител, кој не ги превземал потребните дејствија за упис на тужителот како содружник или донел неправилни одлуки во Друштвото.

На сите наведени неспорни околности и законски основи беше должен да укаже и да ги примени и првостепениот суд, за кој очигледно не важат одредбите од ЗТД бидејќи воопшто не се осврна на овие наводи иако му беа повеќе пати предочени во текот на постапката.

Истите беа детално образложени и во жалбата, но второстепениот суд не се произнесе за истите, очигледно затоа што претходно утврди дека во секој случај тужбеното барање е застарено, па одбивајки го истото како неосновано поради застареност, согласно востановената судска пракса, не нашол за потребно да ги елаборира и овие наводи на тужените содржани во жалбата, кога претходно веќе утврдил дека првостепената пресуда е неоснована по овој правен основ, па преиначувајки ја истата, го одби тужбеното барање како неосновано поради застареност.

**2. Погрешна примена на материјалното право :**

Потполно се погрешни и неосновани наводите на тужителот содржани во Ревизијата за тоа дека наводно со пресудата ГЖ-380/16 од 23.12.2016 година Апелациониот суд во Штип погрешно го применил материјалното право .

Тужбеното барање на тужителот е **апсолутно застарено** без оглед на тоа по кој правен основ е поднесено и од кои причини тужителот бара надомест на штета, бидејќи

Договорот за деловно-техничка и финансиска соработка бил склучен на **13.11.2004 година**, а во секој случај, дури и доколку се земе најповолниот период за тужителот, а тоа кога се извршени последните уплати од странските правни лица (иако по основ плаќање на купено вино од тужените), бидејќи тужбата, кривичните пријави, Предлогот за издавање на привремена мерка, дури и овластувањето на Полномошникот, сите се превземени во текот на **2013 година**, што значи по истекот на **повеќе од 6 години,** а апсолутниот рок на застареност на побарувањата согласно одредбите од ЗОО изнесува 5 години.

Овој факт го потврдува и самиот тужител со Ревизијата бидејќи истата ја поднесува врз основа на одредбите од чл. 360, 365 ст.2 и 377 од ЗОО, во кои е децидно утврдено токму тоа дека: Побарувањата застаруваат за пет години (чл.360); Побарувањата на надомест на причинета штета застарува за три години од кога оштетениот дознал за штета и за лицето кое ја сторило штетата, а во секој случај ова побарување застарува за пет години од кога настанала штетата; Застарувањето се прекинува со поднесување на тужба и со секое друго доверителово дејствие превземено против должник пред суд или друг надлежен орган.

Наводите на тужителот за тоа дека наводно, тужителот и туженият (кој тужен ???) се договориле дека профитот од заедничкото работење ќе го делат после 3-4 години откако ќе закрепне производството.... се навистина премногу небулозни и наивни, па и не заслужуваат некаков особен коментар. Пред се, освен овие лажни тврдења на тужителот, ниту во било кој друг документ, допис и сл. не е утврдено дека профитот од заедничкото работење ќе се дели по 3-4 години, ниту пак Ристе Љуботенски како договорна страна или било кое друго лице на негово место би прифатило таков неумесен предлог. Па дури на тужителот и оваа лажна изјава не му е доволна бидејќи му се малку 3 години за прекин на застареноста, па самиот утврдува 4 години и тоа сметајќи ги месеците и деновите како што најмногу му одговара, па утврдува дека по овој основ, со овие 4 години, не биле изминати пет години од настанување на штетата до поднесување на тужбата.

Навистина, премногу наивно и забавно, но тужителот повторно самиот создава конфузија, бидејќи произлегува дека сега не претрпел штета по основ на неговите вложувања во опрема од 1.9 милони евра и не ги бара овие наводно уплатени пари по овој основ како што истакнува со тужбата и претходните наводи во Ревизијата, туку бара надомест на штета поради изгубен профит кој самиот си го определува на овој износ????

Не заслуживаат особена експликација ниту наводите содржани во Ревизијата според кои наводно, побарувањето на тужителот како физичко лице произлегуваат од Договорот за деловно-техничка и финансиска соработка склучен на 13.11.2004 година (склучен со физичкото лице Ристе Љуботенски), а тој договор сеуште трае и не е прекинат, бидејќи не е јасно каква штета претрпел тужителот по овој договор, кој и со кои дејствија му ја причинил, кога настанала штетата, зошто за тоа ги тужи правните лица и сл.

Ако тужителот бара надомест на штета која наводно ја претрпел со тоа што по основ на овој договор од 2004 година вложил во опрема кај тужените правни лица (не се знае во кое од нив колку вложил) износ од 1.915.458 евра, но не бил запишан како содружник кај првотужениот па сега си ги бара назад наводно вложените пари, а притоа последната наводна уплата била извршена во 2007 година (иако и тоа е невистинито бидејќи овие уплати ги вршат други правни странски лица за купување на вино од тужените) тогаш неговото побарување е апсолутно застарено бидејќи дури и по овој основ, поминале повеќе од 6 години, а апсолутниот рок на застареностсогласно ЗОО е 5 години.

Ако тужителот смета дека Договорот за деловно-техничка и финансиска соработка склучен на 13.11.2004 година сеуште трае и треба постојано да се исполнува, тогаш нека пристапи кон исполнување на неговите обврски од договорот, навистина нека му уплати 50 % од вредноста на капиталот на двете друштва заедно со вредноста на земјата и лозјата чиј сопственик е физичкото лице Ристе Љуботенски, врз основа на претходно извршена процена на вредноста на капиталот од страна на овластен лиценциран проценител, па дури потоа да бара да

биде запишан како сосопственик на првотуженото друштво и да бара 50 % од остварената добивка – дивиденда во секоја наредна година од двете друштва.

Но, очигледно, тужителот сака со уплатен симболичен износ од само 2.475 Евра кај второтужениот по основ зголемување на основната главнина, искористувајќи ги нејасните одредби од Договорот за деловно-техничка и финансиска соработка, да добие од првотужениот енормни 1.915.458 евра, незнаејќи притоа ни самиот зошто, по кој основ, од кои причини и сл.

Со оглед на досега изнесеното му предлагам на Врховниот суд на Р.Македонија да ја одбие Ревизијата на тужителот како неоснована, да ја потврди второстепената пресуда ГЖ-380/16 од 23.12.2016 год. на Апелациониот суд во Штип, како и да го задолжи тужителот да му ги надомести на првотужениот трошоците за состав на Одговор на ревизија во износ од 27.612,00 денари ( 23.400,00 денари зголемено за 4.212,00 ден. по основ 18% ДДВ) како и судска такса за Одговор на ревизија во износ од 24.000,00 денари.

Скопје,

27.02.2017 год.

За Тужениот,

Полном. Адв. Гоце Цоневски

АДВОКАТ
ГОЦЕ ЦОНЕВСКИ
ул."Васил Главинов" бр.[illegible]
Тел. 02/3290-811 Скопје